# Ново срце

Неделен Христијански Интернет Билтен Година IV. бр. 118, Дата: 13. 02. 2012.


**Како да го запознаеме Бог?**



Замислете си дека се наоѓате во некој музеј со слики и гледате една слика која толку ви се допаѓа што посакувате да го запознаете авторот. Од сликата можете да дознаете дека тој е добар уметник, можете да дознаете и нешто за неговиот карактер и расположение, но сето тоа е далеку од вистинско познанство.

Следната работа што ја правите, во желба да го запознаете уметникот, е наоѓате некој негов пријател кој ви кажува дополнителни податоци за него. Иако веќе можете да дознаете доста за тој човек, сепак не можете да кажете дека го познавате.

Одите понатаму. Го наоѓате на фејсбук, станувате пријатели, и сега можете да добиете порака од него и да се допишувате со него. Ова е уште подлабоко ниво на познанство, но сé уште вистински не го познавате тој човек.

На крај, се среќавате некаде со него и лично се запознавате. Сега можете да го прашате сé што ве интересира, можете да го гледате како зборува, како гестикулира, како го менува расположението и.т.н. Конечно станувате пријатели.

На сличен начин и Бог му се открива на човештвото. Најпрвин му се открива преку својата творба. Небото и земјата сведочат за Божјата слава, големина, креативност и убавина. Сите живи созданија, особено човекот и моралниот закон во Него, сведочат за Создателот, кој е Бог на ред и целисходност.

Следната фаза која Бог ја дава како иницијатива за запознавање со луѓето што ќе Го бараат е испраќање на Негови пријатели, кои ќе сведочат за Него. Такви во историјата имало многу, од Авел, Енох, Ное, Авраам, Исак, Јаков .... сé до денешен ден.

Понатаму, Бог му испрати и писмо на човештвото, Светото Писмо – Библијата, во кое уште поблиску му се објавува на човештвото и уште појасно му ја соопштува својата волја и карактер.

На крајот, Бог лично дојде меѓу луѓето во личноста на Исус Христос. Сега луѓето можеа лично да Го гледаат, да Го прашаат, да Го замолат нешто и да ги слушаат Неговите проповеди и да ги гледаат Неговите дела. Тоа беше целосната објава на Бога помеѓу луѓето.

И во товојот личен живот Бог сака да се запознаете. Целата творба веќе сведочи за Него. Разврти се наоколу и ќе видиш дека сé сведочи за Бог.

Тој и денес има свои пријатели кои сведочат за него. Сигурен сум дека во твојата поблиска или подалечна околина има некои кои сведочат за Бога. заинтересирај се што зборуваат и што тие сведочат. Ако бараш понатаму, ќе го најдеш и Божјото писмо до тебе-Библијата, и сега можеш да го читаш најинтересното писмо кое било кога си го добил. Конечно, и денес можеш да оствариш лична средба со Бог. Тој не нé остави сами, тој ни го испрати Светиот Дух, третото лице од неговото Тројство, преку кој и денес можеме да имаме лична средба со Бог и присен однос со Него.

Барај го Бога и ќе го најдеш. Чукај и ќе ти се отвори. приближи се кон Него и Тој ќе се приближи кон тебе. Ќе го запознаеш Бога и испратениот од него, Исус Христос, ќе го примиш Неговиот Свети Дух, и ќе се спасиш.



**Автор-Сашо Георгиевски од Куманово**


Адреса: „Ново Срце", П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com